И6596



*ВО УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА ОТВОРЕНА НАЦИОНАЛНА ПОСТАВКА ОД 14 ДО 20 ВЕК*

# Заокружена целина на македонската ликовна уметност

**•Близу 200- те изложени дела во Галеријата нè прошетуваат по македонскиот ликовен плоштад и со тоа чекорење стануваме свесни за автентичниот говор на 60 наши сликари и скулптори коишто наследството од својата почва успешно го вметнале во светските стилски правци**



Новоотворената постојана национална поставка на близу 200 дела од 14 до 20 век во Уметничката галерија „Скопје“ достоинствено сведочи за создавањето на македонското културно богатство низ вековите кое денес, конечно, на општа радост, е прикажано на едно место. Во големата панорама на македонскиот подем во уметноста опфатени се иконите на Михаило и Евтихиј, пелагониските браќа Јован и Макариј од 14 век, творбите на мијачките зографи од времето на Преродбата- Папрадишки, Зографски и Вангелов, делата на прагот на новото време од Димитар Аврамовски Пандилов, Лазар Личеноски и Никола Мартиноски и преку делата на авторите од средната генерација: Димо Тодоровски, Борко Лазески, Петар Мазев, Спасе Куновски, Димитар Кондовски, Петар Хаџи Бошков, Јордан Грабул, Боро Митриќески се доаѓа до помладите Одран Петлевски, Томо Шијак, Душан Перчинков, Родољуб Анастасов, Ристо Калчевски, Глигор Чемерски и Симон Шемов и до уште помладите Глигор Стефанов и Петре Николоски.



Суштината на идејата за националното и традицијата во оваа поставка; значи, хронолошки завршува со делата создадени до крајот на 80- тите на 20 век. Оваа идеја, според тимот кој ја конципира поставката, е најсоодветниот начин на опстојување на духовното на еден народ. „Токму овие сознанија нѝ дадоа кураж низ оваа прошетка по патеките на македонскиот ликовен плоштад да ви го презентираме чекорењето и пробивот на македонскиот ликовен ракопис кој упатува на автентичен говор на личности кои и покрај огромниот налет на стилските поместувања во светските центри, знаеле и умееле да го транспонираат ликовното наследство на својата почва. Дотолку повеќе што нивните размислувања се насочени кон личното, автентично видување, како основен предуслов за правото некој да се нарече уметник“ рече директорката на Уметничката галерија Викторија Васева Димеска на отворањето на поставката во неделата вечер кога заедно со премиерот Љубчо Георгиевски, кој ѝ даде голема поддршка на идејата за поставката, ја поделија општата радост

**Од свеченото отворање на поставката**

и возбуда од големиот културен и ликовен настан со многубројната присутна публика. За генерациите што следат желбата и визијата на овој простор да му се дарува она што уметноста како залог ни го оставила, останува материјализирано со оваа поставка и во тој миг.

Поставката е конципирана од стручен тим на Галеријата и од авторитети од ликовната бранша: проф. Цветан Грозданов и Викторија Коробар за средновековието, професорите Борис Петковски и Владимир Величковски за современата уметност, кустосот од МСУ Марика Бочварова Плавевска и еминентните уметници Родољуб Анастасов и Петар Хаџи Бошков.

Освен Министерството за култура кое учествуваше со помалку од половина во целата сума од близу половина милион германски марки, за реновирањето и поставката спонзори беа Електорстопанство, Македонски Телекомуникации, ЗОИЛ Македонија и Мепринг.

**С. ЃУРОВСКА**